УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

UDK 34

ISSN 0583-5062

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# ANNUAIRE

## DE LA FACULTÉ DE DROIT „IUSTIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE

***ВО ЧЕСТ НА ГАЛЕ ГАЛЕВ***

ТОМ 59

Скопје 2021

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

# НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# ANNUAIRE

# DE LA FACULTÈ DE DROIT „IUSTINIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE

ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ

СКОПЈЕ, 2021

# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ

## ГОДИШНИК
## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ
## „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ


| ГОДИШНИК | ТОМ 59 | СКОПЈЕ<br>SKOPJE | 2019 |
|---|---|---|---|


## ANNUAIRE
## DE LA FACULTÈ DE DROIT
## „IUSTINIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE


РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

Уредник на Годишникот
проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска

Уредувачки одбор на Годишникот во чест на проф. д-р Гале Галев, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје:

проф. д-р Арсен Јаневски (Република Северна Македонија)
проф. д-р Родна Живковска (Република Северна Македонија)
проф. д-р Слободан Перовиќ (Република Србија)
проф. д-р Марко Баретиќ (Република Хрватска)
проф. д-р Зоран Рашовиќ (Црна Гора)
проф. д-р Бранко Мораит (Босна и Херцеговина)
проф. д-р Владо Петров (Република Бугарија)

Секретар на Годишникот
проф. д-р Неда Здравева



Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје
ул. Гоце Делчев 9б 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Лектура: Лилјана Јовановска

Печати: Стоби Трејд, ДООЕЛ
тираж: 100 примероци

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ**

# ГОДИШНИК

# НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

# ANNUAIRE

# DE LA FACULTÈ DE DROIT „IUSTINIANUS PRIMUS“ DE SKOPJE

ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ

СКОПЈЕ, 2021

СОДРЖИНА
НА ГОДИШНИКОТ НА ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ
ВО ЧЕСТ НА ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ

**ВО ЧЕСТ НА ПРОФ. Д-Р ГАЛЕ ГАЛЕВ**.......................................................V

**ПРИВАТНО ПРАВО**

Slobodan Perović
PREDNACRT GRAĐANSKOG ZAKONIKAREPUBLIKE SRBIJE......................1

Yevgeny Alekseyevich Sukhanov
CONTRACT AND CORPORATE LAW CORRELATION..................................19

Миодраг В. Орлић
СУБЈЕКТИВНА ДЕЛИКТНА ОДГОВОРНОСТ (У ПРЕДНАЦРТУ СРПСКОГ ГРАЂАНСКОГ ЗАКОНИКА)..................................................................29

Zoran P. Rašović
PROGLAŠENJE OPŠTEG IMOVINSKOG ZAKONIKA ZA KNJAŽEVINU CRNU GORU - NA CETINJU, 26. APRILA 1888. GODINE................................49

Мирко Васиљевић
ПРИВРЕДА И ПРАВНИ РЕЖИМ НЕКИХ ПРАВА МАЊИНСКИХ АКЦИОНАРА – ЈЕДИНСТВО ИНТЕРЕСА ИЛИ ЈЕДИНСТВО СУПРОТНОСТИ......................................................................................65

Radovan D. Vukadinović
RETHINKING ON THE CONCEPT AND CONSEQUENCES OF NONPERFORMANCE OF CONTRACTUAL OBLIGATIONS AND BREACH OF CONTRACT.........................................................................................81

Branko Morait
ABOUT THE SUBJECT AND METHOD OF THE DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA CIVIL CODE.....................................................101

Владимир Петров
РЕФОРМАТА ВО БУГАРСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ....................................113

Christa Jessel-Holst
MACEDONIAN CIVIL LAW BEFORE THE GERMAN COURTS...................125

Драган Николић
МОДИФИКАЦИЈЕ ВИЗАНТИЈСКОГ ПРАВА У СЛОВЕНСКОМ ПРАВНОМ ЗБОРНИКУ ЗАКОН СУДЊИ ЉУДЕМ....133

Гордана Станковиќ
ПРОЦЕСНИТЕ НОРМИ ВО ПРЕДНАЦРТОТ НА ГРАЃАНСКИОТ ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА....151

Mihajlo Dika
PRIZNANJE ČINJENICA U HRVATSKOM (I MAKEDONSKOM) PARNIČNOM UPOSTUPKU....167

Tatjana Josipović
PRAVNI I GOSPODARSKI ASPEKTI PRAVA GRAĐENJA U HRVATSKOM PRAVNOM PORETKU....205

Snežana Miladinović
USLUŽNA PRAVILA....231

Marko Baretić
PROTUPRAVNOST KAO PRETPOSTAVKA ODŠTETNOPRAVNE DGOVORNOSTI U HRVATSKOM PRAVU....249

Thomas Meyer
IN OR OUT? REFLECTIONS OF THE GERMAN DISCUSSION ON THE SEPARATION OF THE CONSUMER LAW FROM THE CIVIL CODE IN A SPECIAL LAW....283

Nada Dollani
A SHORT HISTORICAL BACKGROUND ON THE CREATION OF THE ALBANIAN CIVIL CODE CONCEPT AND CONTENT....291

Светомир Шкариќ.
НАПОЛЕОН БОНАПАРТА И ГРАЃАНСКИОТ ЗАКОНИК....307

Софија Тодорова
БРЕНДОТ КАКО МОЌНА АЛАТКА....323

Арсен Јаневски
ОБВРСКИ СО ПОВЕЌЕ ДОЛЖНИЦИ И ИЗВРШУВАЊЕ....341

Поликсена Гавроска, Илија Руменов
СТРУКТУРАЛНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ХАШКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО: ПАРТНЕРИ ИЛИ СОПЕРНИЦИ?....................................357

Тодор Каламатиев, Александар Ристовски
БИНАРНИОТ МОДЕЛ НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ДОГОВОРИТЕ ЗА ДЕЛО........................................................................................377

Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева
ТЕОРИИ ЗА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА УПРАВНО ПРАВНИТЕ ДОГОВОРИ...........................................................................................399

Родна Живковска, Тина Пржеска
ОБЈЕКТОТ КАКО ЕЛЕМЕНТ НА ГРАЃАНОСПРАВНИТЕ ОДНОСИ..........417

Јадранка Дабовиќ-Анастасовска
НЕКОИ ОТВОРЕНИ ПРАШАЊА ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА СЛОБОДАТА НА ДОГОВАРАЊЕТО ВО СОВРЕМЕНОТО ЕВРОПСКО ДОГОВОРНО ПРАВО...................................................................435

Владо Бучковски, Есин Кранли Бајрам
TESTAMENTI FACTIO ACTIVA ET PASSIVA ВО РИМСКОТО ПРАВО........493

Горан Коевски
ПРОТИВПРЕЗЕМАЧКИ МЕРКИ ВО ПОСТАПКА ЗА НЕПРИЈАТЕЛСКО ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО..............................................507

Билјана Петревска, Ванчо Узунов
ПОТРЕБНИ РЕФОРМИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СОЛВЕНТНОСТ 2 ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА...............................................................................541

Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов
ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО ПО РАЗВОД НА БРАК ВО МАКЕДОНСКОТО СЕМЕЈНО ПРАВО..............................................................555

Тони Дескоски, Вангел Доковски
АВТОНОМИЈАТА НА ВОЛЈАТА НА СТРАНКИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНОТО ПРИВАТНО ПРОЦЕСНО ПРАВО......................................................................575

Emine Zendeli
THE RIGHT TO MORTGAGE IN THE LIGHT OF
EUROPEAN CIVIL CODES....591

Katerina Anchevska Netkovska, Aleksandra Grozdanova
PATENTS IN BIOSIMILAR MEDICINAL PRODUCTS, THE NEW
CHALLENGE IN IPR....607

Гоце Галев
КОНТРОЛА НА СПОЈУВАЊЕТО НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА....619

Игор Камбовски
ВИДОВИ ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ГРАЃАНСКОТО ПРАВО....633

Ненад Гавриловиќ
ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ЖИВОТНИ....649

Неда Здравева
КОНЦЕПТОТ НА ГРАЃАНСКОПРАВНАТА ОДГОВОРНОСТ НИЗ
ПРИЗМА НА ОДГОВОРНОСТА ЗА ШТЕТА ВО МАКЕДОНСКИОТ
ПРАВЕН СИСТЕМ....681

Јован Зафировски
БАНКАРСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ВО НОВИОТ ГРАЃАНСКИ ЗАКОНИК НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА....701

Марија Амповска
ВИДОВИ ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТ ВО ПРАВНАТА ТЕОРИЈА
И ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО....713

Елена Игновска
ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ЗАЧНАТИ СО ДОНИРАН
ГЕНЕТСКИ МАТЕРИЈАЛ....729

Милка Ракочевиќ
ДОЛЖНОСТ ЗА ЗБОРУВАЊЕ НА ВИСТИНАТА ВО
ПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА....749

**ЈАВНО ПРАВО**

Љупчо Арнаудовски, Александра Груевска-Дракулевски
ДИСЦИПЛИНСКА И МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА ЗАТВОРЕНИЦИТЕ - МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НАСПРОТИ СТАНДАРДИТЕ НА ООН И ЕВРОПСКАТА УНИЈА....765

Владо Поповски
РАЗЛИЧНАТА СУДБИНА НА АЛБАНИЈА И МАКЕДОНИЈА НА ЛОНДОНСКАТА АМБАСАДОРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА 1912-1913 ГОДИНА....789

Симеон Гелевски
ПРАВНА РЕТОРИКА....801

Димитар Гелев
КАЛАБРИСКИ ПРОХИРОН....817

Татјана Петрушевска, Марјан Попески
АРИСТОТЕЛ НАУКАТА ЗА ДУШАТА И РЕТОРИКАТА....839

Рената Дескоска
СЛОБОДАТА НА ЗДРУЖУВАЊЕ – ПРЕДИЗВИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА, ГРЦИЈА И БУГАРИЈА....869

Мишо Докмановиќ
АМЕРИКАНСКО – АЛБАНСКИТЕ ОДНОСИ ВО „БУНКЕРОТ НА СТУДЕНАТА ВОЈНА“....889

Ненад Марковиќ
ПРЕДИЗВИКОТ НА ГЛОБАЛНОТО ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО: ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО ПОД УДАРОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА......907

Владимир Божиновски
УНИФИКАЦИЈА НА ЕВРОПА ПРЕКУ КРСТОНОСНИТЕ ВОЈНИ -ВОЈНАТА КАКО СРЕДСТВО ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО СРЕДНИОТ ВЕК....939

Ирена Рајчиновска-Пандева
НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ – ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ (КОНФЛИКТ ИЛИ ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ)....949

Јорданка Галева
МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ
(СО ОСВРТ НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО)....................................967

Елена Михајлова
ГЕНЕЗА НА МОДЕРНИОТ ИДЕНТИТЕТ.....................................................989

Елена Давитковска, Ивана Шумановска-Спасовска
ОБУКИТЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА –
ПОТРЕБА ИЛИ НУЖНОСТ...............................................................................1001

Даниела Блажевска
ТИМСКАТА РАБОТА ВО МЕДИУМИТЕ ВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2011)...............................................................1021

Христина Рунчева-Тасев
РЕПУБЛИКАНИЗАМ- ПОЈАВА, РАЗВОЈ И ФОРМИ....................................1033

Јелена Трајковска-Христовска
СИСТЕМОТ НА КОНТРОЛА НА УСТАВНОСТА ВО ПЕТТАТА
ФРАНЦУСКА РЕПУБЛИКА.............................................................................1049

Љупчо Стојковски
ПРИНЦИПОТ НА ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ ВО
МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО И ОПЕРАЦИЈАТА
„ЗАШТИТЕНА ГРАНИЦА“..............................................................................1067

Наталија Кукоска
“РЕСТОРАТИВЕН КОНЦЕПТ НА ТРАНЗИЦИОНАТА ПРАВДА”...............1083

**СОРАБОТНИЦИ И СТУДЕНТИ**

Ристо Илиоски
ПРАВНИ СРЕДСТВА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА
НА НУЖНИОТ ДЕЛ...............................................................................................1099

Роберт Стефановски
ПРАВОТО НА ДОЛЖНИКОТ НА ПОПРАВАЊЕ ВО ДОМАШНОТО,
МЕЃУНАРОДНОТО И СПОРЕДБЕНОТО ДОГОВОРНО ПРАВО................1115

проф. д-р Ирена Рајчиновска-Пандева[1]

# НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ – ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ (КОНФЛИКТ ИЛИ ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ)

УДК: 323.1-027.6(4)
1.01 Изворна научна статија

**Резиме**

*Прашањето за релациите меѓу националниот и европскиот идентитет се однесува на идејата за Европа или поточно обединета Европа од една страна, и идејата за национална свесност која продуцирала и соодветна национална определба, од друга страна. Суштината на расправата, пак, се заснова на дилемата дали европскиот идентитет е возможен и легитимен vis-a-vis националните идентитети односно дали релацијата ќе предизвика конфликт или взаемно признавање. Приматот на националниот идентитет се чини ненадминлив во споредба со европскиот, а избегнувањето на конфликт би било возможно само преку взаемно признавање.*

**Клучни зборови:** *Идентитет, национален идентитет, европски идентитет, нација, Европа.*

## ВОВЕДНИ БЕЛЕШКИ

Прашањето за релациите меѓу националниот и европскиот идентитет се однесува на идејата за Европа или поточно обединета Европа од една страна, и идејата за национална свесност која продуцирала и соодветна национална определба, од друга страна. И покрај современата популарност двете се дамнешни појави за кои Смит (Smith) тврди дека своето извориште го црпат од Светото Римско Царство и средниот век[2].

1 Вонреден професор, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

2 "National Identity and the idea of European unity", Anthony D. Smith, International Affairs, 68, 1, 1992, pp. 55–76, p. 55.

Суштината на расправата, пак, се заснова на дилемата дали европскиот идентитет е возможен и легитимен vis-a-vis националните идентитети[3], односно дали релацијата ќе предизвика конфликт или взаемно признавање. Дополнително дебатата ја отежнува фактот што изминатите неколку декади на европско заедништво покажуваат дека изградбата на европскиот идентитет е веројатно само резултат на политичко инжинерство, односно проект на политичка конструкција преземен од страна на национални и супранационални елити[4], а националните идентитети како специјална форма на социјални идентитети се продуцираат и репродуцираат, се создаваат и растураат дискурзивно притоа примарно нагласувајќи ја националната уникатност и интра-националната униформност преку промоција на имагинарна национална сингуларност и хомогеност со помош на кои се разграничуваат од други нации[5], па оттука се јавува и дилемата дали е реално да се очекува нивното помирување со повисок, плурален идентитет. Доказ во прилог на ова тврдење е фактот дека националните идентитети покажаа прилична жилавост и се детонираа како значаен сегмент во објаснувањето на ставовите кон Европската Унија, односно како неминовен удел во индивидуалниот избор „за“ и „против“ европската интеграција[6].

## ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ

Европа беше профилирана како идеја одамна, но дури во дваесеттиот век, таа стана и реалност[7]. Настојувањето да се креира еден заеднички ентитет со кој ќе се надминат и помират разликите меѓу европските народи, ќе се излекуваат и подобрат нарушените односи меѓу нив и ќе се конструира содржината и формата на нивната заедничка и споделена иднина, во голем дел стана и реалност со креирањето на Европската заедница, односно Европската Унија. Така називот Европа стана синоним за централната и организациска метафора на една комлексна цивилизација[8], а Европската Унија прерасна во најекспонираниот формален институт на тоа заедништво. Со оглед на вековното втемелено сфаќање на европското како најнапредно и најразвиено општество, воопшто не беа невообичаени и настојувањата на голем број народи од европскиот континент да се приклучат кон заедницата и взаемно да ги споделуваат вредностите и придобивките. Од нејзиното основање Европската

3 Ibid., p 56.

4 "The Politization of European identities", Jeffrey T. Checkel and Peter J. Katzenstein, Cambridge University Press, 2009, pp.1–29. p. 3.

5 "The Discursive Construction of National Identity", Ruth Wodak, Rudolf De Cillia, Martin Reisigl, Karin Liebhart, Edinburgh University Press, 2009, Introduction, p. 1–7

6 "Undivided Loyalties-Is National Identity an Obstacle to European Integration", Sean Carey, European Union Politics, December 2002, vol. 3, no. 4, pp. 387–413.

7 "Inventing Europe: Idea, Identity, Reality", Gerard Delanty, MacMillan Press, London, 1995, p. 4.

8 Ibid., p. 3.

Унија претрпе многубројни и значајни промени. Нејзината форма и содржина се моделираше и трансформираше секојдневно, впрочем како и нејзиниот идентитет преку кој во најексплицитната форма се потенцираше европското заедничко и цивилизациско опстојување.

Европската интеграција започнала како проект на економско обединување меѓу европските народи, а не политичко или културно заради историјата на проблеми меѓу земјите на европскиот континент. Дебатата за европскиот идентитет датира од седумдесеттите години на минатиот век кога за ЕЗ дошла до заклучок дека популарната идентификација на растечкото население на Заедницата би била подобро постигната доколку европското обединување стане помалку елитистичко и повеќе отворено и насочено кон граѓаните (citizen friendly)[9]. Токму затоа на Самитот во Париз во 1972 година била донесена *Декларацијата за европскиот идентитет* со која за прв пат биле поставени принципите за внатрешен развој на заедницата преку изградба на рамка за креирање на политичкиот концепт на идентитетот на ЕУ (владеење на правото, социјална правда, почитување на човекови права и демократија, динамичната природа на процесот на европско обединување итн.)[10]. Иако очекувањата биле реално оптимистички заради споделените вредности, институции и стандарди на европските народи, тогашната прилично прозирна формулација на европскиот идентитет одекнува и денес особено од аспект на европскиот идентитет vis-à-vis националните идентитети и нивната виталност.

Поддржувачите на идејата за Европа ортодоксно индицираат дека Европа е еден вид регулативна идеја за процесот на градење на идентитети, културен модел за општество, фокус за колективни идентитети[11]. Меѓутоа иако неофункционалистите уште во средината на минатиот век прокламираа креирање на нов европски идентитет, а денес евроентузијастите сè уште инсистираат на неговото постоење или идно детерминирање, одредени автори го тврдат токму спротивното, потенцирајќи дека националните идентитети покажувајќи жилавост го превенираа креирањето на новиот *европски наратив или идентитет*[12]. Нивниот аргумент е дека идентитетот како симбол за обединетоста на Европа најмногу го чувствуваат елитите и технократите додека на национално ниво не постојат доволно докази за да може да се заклучи дека идентитетите се менуваат како резултат на евроинтеграцијата. Токму обединувањето, односно разбирањето на политичката заедница како продукт на заедничката желба на нејзините членови да живеат заедно и да креираат

9 "Citizenship, Identity and Immigration in the European Union-Between Past and Future", Theodora Kostakopolou, Manchester University Press, Manchester, 2001, p. 44.
10 Ibid., p. 44.
11 Ibid., p.4.
12 "European Integration, Identity and National Self Interest: The Enduring Nature of National Identity", Tyler R. White, Political Science Department -- Theses, Dissertations, and Student Scholarship, Paper 6, 2010, http:// digitalcommons.unl.edu/poliscitheses/6

заедничка иднина, како што посочува Смит (Smith), е јадро сите можни обиди за детерминирање на европскиот идентитет[13]. За есенцијалистите обединувањето како јадро на европскиот идентитет се должи на културните врски помеѓу европските држави кои градуелно станале посилни со појавата на пан-европските движења и креацијата на систем на заеднички вредности, принципи и ставови[14]. Претставниците на есенцијализмот сметаат дека постоењето на европски идентитет лежи во историската еволуција на европскиот систем на држави и во континуираната интеграција која е резултат на заедничкиот курс. Оттука според нив, европскиот идентитет претходи на било кој обид за обединување на Европа било во политичка било во социјална смисла[15].

Факт е дека историското рацио на проектот за европска интеграција не беше поврзување на нации со сличен идентитет или култура, со исти вредности и стандарди, ниту пак проект меѓу држави чии односи се обележани од мир[16]. Напротив, европската интеграција беше иницирана како супранационално партнерство и економска интеграција со намера да се стави крај на конфликт меѓу држави кои имаат различни идентитети, култура, вредности и стандарди[17]. Дезинтеграцијата на границите, интеграцијата на трговијата и омекнувањето на суверенитетот требаше да креира обединета Европа со заеднички европски идентитет[18]. Европскиот идентитет е комплексен по својата природа бидејќи обединува мноштво различни национални идентитети кои се повеќе вертикално поврзани преку институционална интеграција, отколку хоризонтално. Заради тоа поверодостојно е да се детерминира како идентитет на сите во Европа отколку за општ идентитет, при што првиот е сфатен како збир на идентитети, а вториот како пресек на заедничкото во идентитетите. Постигнувањето на европски идентитет е прашање на долготраен напор и волја за интеграција меѓу различните национални, регионални и локални идентитети кои се разликуваат лингвистички, религиозно и во нивните традиции и обичаи[19]. Тоа според Вајт (White), е многу веројатно потфат за кој ќе треба да поминат декади, ако не и векови бидејќи европската интеграција се покажа како ефикасна во решавање на бројни политички и економски проблеми на Европа, но сè уште не може да пенетрира во и да ги трансформира силните национални наративи[20]. Процесот

13 Цитирано по "A European Identity for Turkey? Theoretical Approaches, Historical Background and Current Challenges", Elena Lazarou, Hellenic Center for European Studies, Athens, April 2010, pp. 1–34, p. 9–10. Види повеќе кај Smith, 1991, op. cit.
14 Lazarou, op. cit., p. 10.
15 Ibid, p. 10.
16 "The European Union, Turkey and Islam", Report by Netherlands Scientific Council for Government Policy, Amsterdam University Press, 2004, p. 73.
17 Ibid., p. 73.
18 White, op. cit., p. 1.
19 Ibid., p. 1.
20 White, op. cit., p. 39–40.

на формирање европски идентитет како супраидентитет, значи и помирување на националните наративи на сите конститутивни елементи што според Флигштајн (Fligstein) е речиси невозможно. Можеби елитите имаат развиено чувство за европејството, но не и големиот дел од Европа. Истражувањата покажуваат низок степен на познавање на ЕУ институциите, а оние кои поседуваат знаење (елитите), тоа го користат во сопствени цели, односно за материјален профит. Флигштајн протежира постоење на поголема европска држава која ќе го зајакне националниот наратив[21].

*Констриктивистите* сметаат дека активниот процес на креирање на идентитет, манипулацијата на културните симболи и историја може да продуцираат нови културни комбинации и нови идентитети без разлика на историското минато или претходни дефинираните етнички и културни групи[22]. Идентитетот според ова сфаќање е општествено конструиран, а перцепциите за себе и за другиот и нивниот оперативен контекст се продукт на социјална интеракција. Во оваа смисла, конструктивистичкиот аргумент се поклопува со идејата дека заедниците не се наоѓаат таму некаде, туку се производ на културата и замислата, односно дека во модерното време идентитетот може да биде креиран, замислен, па искусен што во согласност со теоријата за замислени заедници на Андерсон[23]. Конструктивистите тврдат дека идентитетите се или може да бидат вгнездени еден во друг во Европа[24].

*Неофукционалистите* настојуваат дека со унапредувањето на европската интеграција би се создала основа за заеднички идентитет кој би ги споил и обединил европските нации под сет од супранационални институции. Тие подвлекуваат дека техничките spilover-и поврзани со политичката и економската интеграција водат кон нови идентитети. Заедничките искуства и институции (Европски парламент, единствена монета, Европски суд на правдата итн.) неминовно ја придвижуваат Европа кон заедништво[25].

## НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ

Еден од највлијателните истражувачи на оваа тема – Гелнер (Gellner)[26] смета дека нацијата и државата се контингенти, а не универзална потреба, и иако национализмот тврди дека тие се судбина една на друга, дека една без друга не можат да постојат, факт е дека пред да бидат наменети една на друга, тие морале прво да се појават и тоа како независни и контингентни. Според

21 Ibid, p. 39–40
22 Lazarou, op. cit.
23 „Замислени заедници – Размислувања за потеклото и ширењето на национализмот", Бенедикт Андерсон, Култура, Скопје,1998, стр. 19–21.
24 White, op. cit., p. 41.
25 White, op. cit., p. 117.
26 "Nations and Nationalism", Ernest Gellner, Cornell University Press, Ithaka, New York, 1983, p. 6.

него, државата евидентно се појавила без нацијата, а некои нации се родиле без благослов на нивната држава, што само го потврдува ставот дека државата ѝ претходи на нацијата, а не обратно. Хобсбаум[27] тврди дека *нацијата* е социјален ентитет само додека е во однос со одреден вид современа територијална држава, нација-држава, па оттука, тој смета дека нациите не создаваат држави и национализми, туку обратно. Последниот аргумент, всушност, ја отвора парадигмата за нацијата, односно потребата од терминолошко диференцирање на поимите нација, етницитет и национален идентитет[28].

Во модерно време, нацијата претставува, на некој начин фокус на идентитетот со што на луѓето им дава чувство за тоа кои се тие во однос на другите, ги демаркира граѓаните на една нација од граѓаните на друга нација и обезбедува чувство на поврзување и кохезија[29]. Историски пак, постојат две доминантни пракси за настанувањето на националната држава, односно нацијата:

I. *Француската традиција* се поврзува со идејата за нацијата како државна, односно цивилна заедница која претставува израз на волјата на оние кои ја населуваат конкретната територија и кои споделуваат заеднички карактеристики, да се обединат. Оваа пракса е обележана со инклузивност и се нарекува граѓански национализам, односно засновување на национална држава врз идејата за нацијата како *демос – demos*[30]. Овој модел, всушност, се базира на концептот за граѓанството како субјективно граѓанство засновано на ius soli (местото на раѓање) како основа на идентитетот.

II. *Германската традиција* се поврзува со идејата за нацијата како етничка и/или културна заедница во која одреден маркер (на пример јазик) ја детерминира содржината на нацијата, т.е. причината за

27 „Нациите и национализмот по 1780 – Програма, мит, стварност", Ерик Хобсбаум, Култура, Скопје, 1993, стр. 18.

28 Дискурсот на дебатата за нациите и национализмот опфаќа четири генерални теми: 1. Дефинирање на нацијата и национализмот; 2. Потеклото/историјатот на нацијата: а) Националисти – нацијата е безвремен феномен, б) Перенијалисти – нацијата постои долго време, но имала различни форми во текот на различни историски периоди, в) Постмодернисти и марксисти – првите се повлијателни – нацијата е целосно модерен и конструиран концепт. 3. Развојот на нацијата и национализмот и 4. Разликување на европскиот од незападните национализми.

29 "Nationalism and Fragmentation since 1989", John Schwarzmantel, in "Blackwell Companion to Political Sociology", edited by Kate Nash and Alan Scott, Blackwell Publishing, Oxford, 2004, p. 399.

30 Според Розенфелд (Rosenfeld) овој модел има универзална тенденција и универзална концепција за демократијата, но иако универзалниот демос надвладува над етносот, тој може единствено да биде остварен во границите на националната држава која е залепена од заедничкиот етнос кој се однесува, во овој случај, на јазикот и културата. "The European Treaty – Constitution and Constitutional Identity: A Comment on Professor von Bogdandy", Michel Rosenfeld, in "Altneuland: The EU Constitution in a Contextual Perspective", edited by Weiler and Eisgruber, Jean Monnet Working Paper 5/04, p. 9–10. [http:// www. jeanmonnetprogram.org/papers/04/040501-19. html].

обединување. Оваа пракса е обележана со ексклузивност и се нарекува етнички национализам, односно засновување на националната држава врз основа на идејата за нацијата како *етнос – ethnie*. Овој модел се заснова на концептот на националност т.е. објективна националност, како што ја нарекува Фихте, базирана на ius sanguinis (потеклото) како основа на идентитетот.

Првата традиција е израз на субјективната желба на индивидуата да се приклучи на нацијата, односно да го прифати тој идентитет, а клучниот елемент е волјата. Согласно оваа традиција нацијата е сфатена како kultur-nation според Мајнке (Meinecke)[31], односно релативно пасивна културна заедница, која е определена со територијалниот или просторниот аспект што имплцира дека народот и конкретната територија си припаѓаат еден на друг, територијата е колевката на народот и историско место сфатено како родина/татковина која е чувар на историското паметење и асоцијации, иако може да не е место на потекло (како на пример, Анадолија за Турците)[32].

Втората традиција е израз на објективни фактори поради кои индивидуата практично нема избор, туку по природата на нештата станува дел од нацијата со самиот факт дека по одреден деноминатор во идентитетот – потеклото, инхеретно ѝ припаѓа на таа нација. За приврзаниците на оваа теорија нацијата постои отсекогаш и е определена од етницитетот – што имплицира дека етничките и државните граници треба да се поклопуваат во целост, односно е определена како Staatsnation или активна себедефинирачка политичка заедница/нација според Мајнке[33].

Бенедикт Андерсон во духот на антропологијата ја дефинира *нацијата како замислена политичка заедница* – и тоа замислена и како инхерентно лимитирана и како суверена[34]. Таа е замислена бидејќи дури и припадниците на најмалата нација нема никогаш да ги сретнат, запознаат или барем да слушнат за повеќето свои сонародници, иако во свеста на секој од нив живее сликата за нивното заедништво. Таа е замислена како инхерентно лимитирана бидејќи и најголемата, онаа која опфаќа милиони има крајни иако еластични граници зад кои лежи друга нација. И конечно, таа е замислена како суверена бидејќи суверената држава е резултат на слободата која се појави со просветителството и ренесансата, кои го уништувале од Бога ракоположеното хиерархиско

31 Friedrich Meinecke во 1908 година ја прави разликата меѓу нацијата во смисла на kultur-nation и нацијата во смисла на Staatsnation. Види кај Smith, 1991, op. cit., p. 8.

32 Ibid., p. 9.

33 Ibid., p.8.

34 Андерсон, op. cit., стр. 19–21. Ентони Гиденс за замислени заедници ги смета историските примери на Британија, Франција, Германија и Италија во деветнаесеттиот век. Види кај „Глобализација“, Малком Вотерс, Институт за демократија, солидарност и цивилно општество, Скопје, 2003, стр.82.

династичко царство[35]. Андерсон тврди дека сите заедници поголеми од првобитните села со контакт лице-в-лице (па можеби дури и овие) се замислени. А се замислени како заедници бидејќи нацијата секогаш се сфаќа како длабоко, хоризонтално другарство[36]. Андерсоновата нација е всушност нација согласно теоријата за граѓански национализам. Таа е културен артефакт од посебен вид кој им овозможува на различните етнички групи да се чувствуваат подобро бидејќи врзувачкиот елемент не е крвното потекло или расата[37].

Нацијата за Келас (Kellas)[38] е група луѓе кои се чувствуваат како заедница поврзана преку историски врски, култура и заедничко потекло. Нациите, според него, имаат објективни карактеристики кои може да вклучуваат територија, јазик, религија или заедничко потекло (иако не секогаш сите се присутни) и субјективни карактеристики – свесноста за националноста и афекцијата кон неа.

Смит смета дека постои генерална разлика меѓу *западниот и незападниот модел на нација* кои продуцираат и различни видови национален идентитет. Така, кај западниот стандарден модел, чии главни белези се историската територија, правно-политичката заедница, правно-политичката еднаквост на членовите и заедничката граѓанска култура и идеологија, се претполага дека индивидуата мора да припаѓа на одредена нација, но тоа според него е прашање на избор. Кај незападниот модел на нација, кој уште го нарекува етнички, главен белег е истакнувањето на заедницата на раѓање (родното место) и локалната култура, при што индивидуата нема право на избор и без разлика дали останала во таа заедница или имигрирала во друга, индивидуата останува органски и недвојбено член на заедницата од раѓање. Вака детерминирана, според Смит, нацијата е заедница на заедничко потекло. Но, двата ривалски модела, всушност, според него имаат минимум заеднички карактеристики[39]:

а) историска територија или татковина (нацијата е територијално врзан ентитет на население кое мора да има нивна сопствена татковина),

б) заеднички митови и историска меморија (членовите на нацијата мора да имаат заедничка култура, односно заедничка историска меморија, споделени митови, симболи и традиција),

в) заедничка масовна јавна култура (членовите на нацијата со процесот на социјализација, особено преку системот на јавно образование и масовните медиуми се мобилизираат во заедничка јавна масовна култура),

г) заеднички правно детерминирани права и обврски за сите членови (реципрочни права и обврски за членовите под капата на заеднички правен

35 Андерсон, Култура, op. cit., стр. 19–21.
36 Ibid., стр. 21.
37 "A Discussion on Ethnic Identity", Gokhan Bacik, Alternatives-Turkish Journal of International Relations, Vol. 1, No. 1, Spring 2002, pp. 18–37, p. 25–26.
38 "The Politics of Nationalism and Ethnicity", James G. Kellas, MacMillan Press, London, 1998, p. 3.
39 Smith 1991, op. cit., p. 14.

систем),

д) заедничка економија со територијална мобилност за членовите (заедничка поделба на трудот и систем на производство со мобилност преку целата територија на нацијата за сите членови).

Оттука нацијата, според Смит, се дефинира како именувана човечка популација, која поседува заедничка историска територија, заеднички митови и историски сеќавања, масовна јавна култура, заедничка економија и заеднички законски права и должности за сите поданици[40]. Токму тука, според него, се согледува апстрактната и комплексна природа на националниот идентитет кој како и нацијата е сочинет од повеќе меѓусебно поврзани компоненти: етнички, културни, територијални, економски и правно-политички. Првите две се интерни функции, останатите се екстерни, а кумулативно ја креираат мултидимензионалноста на националниот идентитет[41]. Националниот идентитет е значаен, со зборовите на Келас, без разлика дали е детерминиран (аскрибиран и без почитување на персоналниот избор) или е израз на самодетерминацијата, т.е. на способноста за слободно детерминирање на сопствениот идентитет, културата и формата на владеење[42]. Смит аргументира дека сите современи нации имаат етничко јадро кое произлегува од далечното минато, бидејќи нацијата по дефиниција (како заедница на заеднички митови и спомени) е ethnie. Етничката група, според него, има колективно соодветно име, мит за заедничко потекло, споделено историско паметење, една или повеќе диференцирачки елементи на заедничка култура, асоцијација со специфична татковина и чувство на солидарност за значајните сектори на популацијата[43].

*Етницитетот* во најсимплифицирана форма значи припаѓање на етничка група, и како термин е далеку понеутрален од етноцентризмот кој денотира предрасудно однесување кое фаворизира една етничка група и отфрла други[44]. Постојат нации кои се етнички, но и етнички групи кои не тврдат дека се нации, и тоа според Келас, е базичната разлика меѓу етничката и националистичката политика. Етничката политика, главно се занимава со заштитата на правата на членовите на етничката група во рамките на една држава без да упатува територијални барања, а националистичката се фокусира на националното самоопределување и правото на национална територија[45]. Етничкиот национализам е затворен за социјални расцепи, односно може да произведе конфликтен наратив кога земјата има неколку етнички различни групи[46]. Во оваа смисла, национализмот се детерминира како идеологија (ја

40 Ibid., p. 14.
41 Ibid., p. 15–17.
42 Kellas, op. cit., p. 7–8.
43 Smith, 1991, op. cit., p. 21.
44 Kellas, MacMillan Press, London, 1998, p. 6.
45 Ibid., p. 6-7.
46 Bacik, op. cit, p. 22.

гради свеста на народот за нацијата преку промоција на национална самосвест и определува начини на однесувања и програми за акција) и форма на однесување (бидејќи нацијата може да биде етничка, социјална или официјална/ национализам на државата, национализмот може да ги преземе и овие форми)[47].

Во плејадата на аргументите понудени од етносимболизмот на Смит, модернизмот на Гелнер, конструктивизмот на Андерсон и Хобсбаум, примордијализмот на Герц (Geertz)[48], плурализмот на Фурнивал (Furnivall)[49] и многу други, национализмот е различно, често дури и контрадикторно дефиниран (како политички принцип кој држи до тоа дека политичката и националната единица треба да се во хармонија – Гелнер и Хобсбаум; како форма на политика – Бреуили (Breuilly); како идеологија или форма на политика, движење и истовремено културен феномен – Смит) но ретко кој ја нуди дистинкцијата на Келас, па затоа оперативна дефиниција за нашето истражување е онаа која го определува национализмот како идеологија и форма на политика. Националниот идентитет во нашето истражување ќе биде третиран како мултидимензионален концепт кој вклучува специфичен јазик, сентимент и симболизам, односно како колективен културен феномен, како што рамковно го определува Смит[50].

*Етничкиот идентитет* или верувањето во заедничкото потекло и култура на одредена група се гради врз основа на разликите, а не врз листа на позитивни енумерации на особеностите[51]. Оттука, поимот за граница е клучен за дефиницијата на етницитетот бидејќи границата ја утврдува демаркациската линија на разграничувањето со другите[52]. Во оваа смисла, идентитетот е релационен поим, кој секогаш зависи од односот со и кон другите. Границата со и од другите идентитети е најважниот поим за консолидација на дадениот идентитет[53].

47 Ibid., p. 4.

48 Примордијализмот е често квалификуван како замена за национализмот, а главна карактеристика е тврдењето за примордијална лојалност на припадниците на една нација која може да биде лингвистичка, религиозна или психолошка (чувство на припадност). Види повеќе кај "Ethnonationalism-The Quest for Understanding", Walter Connor, Princeton University Press, Princeton, New Jersey, 1994, p. 103–106.

49 Фурнивал (Furnivall) зборува за плурално општество во кое лицата кои живеат се миксирани, но не и комбинирани, секоја група има своја религија, култура, јазик, идеи и начин на живот. Инклузијата на социјалните групи го прави плурализмот поинклузивен термин од етницитетот. Види повеќе кај Ibid., p. 106–107.

50 Smith, 1991, op. cit., p. vii.

51 „Моделот на меѓуетничките односи во Македонија", Љубомир Д. Фрчкоски, Круг, Скопје, 1998, стр. 11.

52 Ibid., стр. 11.

53 „Преговарање во конфликти на идентитети", Љубомир Данаилов Фрчкоски, Темплум, Скопје, 2007, стр. 29.

## НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ – ЕВРОПСКИ ИДЕНТИТЕТ (КОНФЛИКТ ИЛИ ВЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ)

Вообичено оваа релација се согледува низ призмата на zero-sum game (тоталистички, има еден победник и еден губитник) што имплицира дека за да се развие европскиот идентитет, националниот мора да еродира или целосно да згасне[54]. Следствено се поставува прашањето дали тоа значи дека овие два идентитета се ексклузивни или барем непријателски настроени еден кон друг. Двојството на аргументи се пресликуваат преку концепцијата заснована на перспективата на националната држава и концепцијата заснована на идејата за постнационална Европа:

I. националниот и европскиот идентитет се во постојан натпревар од кој во блиска иднина се предвидува победа на националниот идентитет кој има поголеми шанси да издржи. Овој став е дел од традиционалните аргументи на проучувачите на национализмот, пред сè на Смит, но на евроскептиците. Дискурсот е препознаен како позитивна сума – positive sum nature на националниот идентитет.

II. националниот и европскиот идентитет се компатибилни и можат мирно да коегзистираат бидејќи основата на идентификација кај европскиот е далеку поразлична од онаа кај националниот. Овој став е дел од аргументите на евроентузијастите, и особено на Хабермас (Habermas), но и на евро-федералистите. Дискурсот е препознаен како позитивна сума – positive sum nature на европскиот идентитет.

Во принцип, и двата дискурси имаат минимум согласност дека индивидуата може да има повеќе идентити кои во зависност од хиерархискиот патерн на нивно изложување продуцираат различни модели или поточно три генерални модели на мулти-идентитети:

1. вгнездени идентитети – nested identities (во форма на концентрични кругови или матрушка руски кукли),

2. идентитет како мермерна торта – marble cake identities (идентитетот не може да биде раздвоен на различни нивоа, а секој дел има можност за влијание врз другите) и

3. пресечени/одвоени – cross-cutting/separate identities (идентитетите се јасно одвоени и видливи)[55].

Уште повеќе што различните форми на политичка идентитификација нужно не мора да се судрат, бидејќи индивидуата може симултано да игра неколку различни политички улоги (во јавната сфера) на ист начин како што

54 "From National Identity to European Identity", Radu Cinpoes, Journal of Identity and Migration Studies, Vol. 2, No. 1, 2008, pp. 3–14, p. 8.
55 Ibid., p. 8.

тоа го може во приватниот живот (во приватната сфера)[56].

Првиот дискурс смета дека *европскиот идентитет е неодржлив на сметка на националниот,* бидејќи последниот се покажа како особено жилав, невозможен за отстранување и заснован на вредности, симболи, митови, меморија кои лежат во јадрото на етницитетот. По оваа аналогија, европскиот идентитет покажа неуспех онаму каде што националниот е веќе етаблиран, бидејќи европските заеднички вредности (како грчко-римската традиција, христијанско-јудејската етика, ренесансата, хуманизмот и индивидуализмот, просветителството, рационализмот и науката, традицијата на граѓански права, демократија и владеење на правото) се покажаа несоодветни за обезбедување на солидарност, наспроти партикуларните длабоко вкоренети вредности на јазикот, историските митови, меморијата и симболите[57]. Цинпоес (Cinpoes) аргументира дека чувството на припадност на нацијата, за која зборува Смит, е предмет на конструкција која може да биде повторена и на друго ниво покрај нивото на националната држава – Европската Унија. Националниот идентитет е основата на националистиката идеологија, т.е. национализмот согласно кој нацијата има примат врз сите други форми на национална идентификација. Тоа значи дека националниот идентитет не е бариера за развојот на европскиот идентитет, туку национализмот. Национализмот е хабитуален концепт кој на дневна база ја истакнува посебноста на националниот идентитет. Токму затоа според Цинопоес (Cinpoes)[58] решението за коегзистенција на националниот и европскиот идентитет лежи во напуштање на националистичката реторика и барање за поклопување на националните со државните граници.

Вториот дискурс подвлекува дека *европскиот идентитет може да биде конструиран и да постои паралелно со националниот идентите*т бидејќи нивните кохезивни елементи се различни. Во оваа смисла, наспроти националниот идентитет чија основа е примордијалната лојалност зајакната од споделената култура и историја, европскиот идентитет може да се заснова на конституционален патриотизам кој почива на популарниот суверенитет и човековите права, а е креиран од појавувањето на европската јавна сфера и политичката култура која е моделирана од страна на сите граѓани на Европа[59]. Вака детерминираниот конституционален патриотизам е основа за политичкиот идентитет на европско ниво. Тоа е партиотизам сфатен како граѓански и

56 “Political Identity in a Community of Strangers”, Dario Castiglione, in “European Identity”, edited by Jeffrey T. Checkel and Peter J. Katzenstein, Cambridge University Press, Cambridge, 2009, pp. 29–52, p. 31.

57 Cinpoes, op. cit., p. 9.

58 Ibid., p. 12.

59 Ibid., p. 9.

космополитански, па оттаму и неговата отвореност за инклузија на „другите"[60].

Пост-националната позиција која е инхерентна за идејата на конституционален патриотизам на Хабермас (Habermas) неуспешно ја акомодира европската реалност која е слика на мешаната природа на Европската Унија и нагласените разлики кои постојат во рамки на европскиот полис[61]. Тоа имплицира дека европскиот идентитет не може да биде заснован на генерално прифатените европски вредности, туку мора да биде поддржан од механизми на демократски политики и интер-институционален баланс. Критиката на оваа позиција смета дека обединувањето врз база на апстрактни претстави на граѓанска должност и човекови права е невозможно без постоење на споделено чувство за заедничка култура која треба емотивно да ги поврзе членовите на заедницата[62]. Во оваа линија, на пример, Ханс Ван Дер Брук (Hans Van Der Broek)[63] истакнува дека европскиот идентитет треба да се кристализира, односно дека Европејците треба да зголемат взаемното чувство на припадништво, споделена судбина итн., бидејќи во спротивно заканата за дисолуција ќе дојде и однадвор и одвнатре.

Овие две компетитивни визии за дефинирање на културната рамка на европската интеграција проектираат две сосема различни Европи[64]:

- Европа како мултикултурен проект, пост-национална Европа креирана врз основа на различни културни традиции на европските земји;
- Европа како цивилизациски проект врамена од културните граници на Европа, дефинирани од христијанското наследство и споделената историја вкоренета во традицијата на просветителството.

Културната кохезија на Европа е релативен концепт со оглед на мноштвото различни етнички, лингвистички, религиозни, регионални и локални идентитети. Таа е под закана секојдневно заради огромната миграција која се брои во милиони само за последната декада. Таа е диверзифицирана мулти-идентитетска популација која освен популацискиот имплицира културен инфлукс во јадрото на европскиот идентитет.

Историски, Европа го конструираше својот идентитет врз основа на

60 Хабермас (Habermas) смета дека европското историско наследство се заснова на бројни постигнувања и вредности: секуларна политика, дифузна свесност за парадоксот на прогресот – поттикување на идеолошка компетиција меѓу политичките партии, социјална солидарност како резултат на историјата на класната борба, отфрлање на смртната казна, доместификација на државната моќ преку интернационалните организации итн. Castiglione, op. cit., p. 39, 42.

61 Ibid., p. 30.

62 Cinpoes, op. cit., p. 10.

63 "Cultural Citizenship and the Creation of European Identity", Juan M. Delgado-Moreira, Electronic Journal of Sociology, Vol. 002, 1997, p. 6. http:// www. sociology.org/content/vol002.003/delgado.html

64 "European Identity in the Making?: Turkey in a Postnational Europe", Feyzi Baban, Paper presented at the CPSA Annual Conference, Toronto, 2006, p. 6-7, http:// www. cpsa-acsp.ca/papers-2006/baban. pdf .

откривањето на различноста внатре и надвор од неа[65]. Европа е сосема чудна унија – таа е конфедерација која фантазира да стане федерација, таа има заедничка банка, легислатива, егзекутива, валута, знаме и химна, но нема заеднички јазик, фудбалски тим или стандардизирана форма на електричен штекер[66]. Во оваа смисла Бифулко (Bifulco)[67] аргументира дека верувањето во постоењето на еден европски идентитет значи желба за негово наметнување. „Европското нешто" според него е доказ за плурализмот[68], како бескомпромисна природа на европскиот идентитет.

## ЗАКЛУЧНИ БЕЛЕШКИ

Идентитетот има субјективна и објективна проекција[69]. Првата се однесува на тоа замислената претстава која секој ја поседува за тоа кои сме и на кого припаѓаме[70]. Втората проекција се заснова на објективната состојба на припадност согласно критериум за членство со кој се детерминира кој на која група припаѓа и кој не припаѓа, независно од субјективните определби[71]. Оттука, идентитетот го разграничува не само она што ни е заедничко, туку и она што нè разликува од другите. Во случајот со Европа тоа е мноштво од „други", но и историјат на несогласување, оспорување па дури и конфликт што може сериозно да ја попречи конструкцијата на заеднички европски идентитет.

Но, ниту националниот ниту европскиот идентитет не се статични и историски дадени категории заради постојано влијание на внатрешна и надворешна природа: кај националниот идентитет содржината е променлива заради инклузија на одредена малцинска група или нов/дополнителен непријател, итн., а кај европскиот содржината е променлива со секој нов прием на земја членка[72]. Еден од низата проблеми кои може сериозно да го потресат европскиот проект и е фактот дека секоја од земјите членки на Унијата сака да влијае врз иднината на заедницата согласно сопствените погледи, па оттука и логичното прашање на Смит дали оваа обединета Европа нема уште повеќе да ги нагласи вредностите и дефектите на секој од европските национални идентитети токму заради фактот

65 "In Search of an European Identity", Marco Bifulco, Center for European Integration Studies, Rheinischce Friedrich Wilhelms –Universitat Bonn, ZEI Discussion Paper 23, 1998, p. 3.

66 "Europe Between Brussels and Byzantium: Some Thoughts on European Integration", Niall Ferguson, Institute for European Studies, UC Berkley, 2003, p. 32.

67 Bifulco, op.cit., p. 28.

68 Ibid., p. 28

69 "Towards a European Identity", Elisabeth Bakke, ARENA Working paper, 10/1995, p. 3.

70 Ibid., p. 3.

71 Ibid., p.3.

72 Ibid., p. 4.

што е креирана врз основа на нив?[73]

Прифаќањето на европскиот идентитет како супра идентитет упатува на потребата од адаптација на домашните формални институции (политички, административни и општествени) на притисоците кои еманираат од европските правила и прописи[74]. Но, иако преамбулите на европските договори од Рим, Мастрихт и Амстердам рутински се повикуваат на колективен европски идентитет за оправдување на процесот кон „што поблиска Унија", не постои договорна обврска за креирање на колективен европски идентитет[75]. Дополнително досегашната пракса покажува дека националните идентитети сѐ уште жилаво му пркосат на супра идентитетот, впрочем соодветно на жилавоста на националните држави наспроти Европската Унија. Приматот на националниот идентитет се чини ненадминлив во споредба со европскиот и истражувањата на јавното мислење покажуваат дека во најдобар случај европскиот е второстепен, односно дека постојат траги на робусен европски идентитет[76].

Фактот дека постојат центрифугални и центрипетални струи (национална определба, евроскептицизам, европеизација, итн.) кои можат да влијаат врз обликувањето на европскиот идентитет, упатува на потребата од преиспитување на двете димензии од проектот – субјективната и објективната, односно што треба да направи на национално ниво за да помири националниот со супра идентитетот без предизвикување на конфликт или компетиција и што треба да се преземе на супра нивото за адаптација на европскиот идентитет со мноштвото посебни национални идентитети кои планира да ги инкорпорира. Взаемното признавање би бил наједноставен и најбезболен пристап во релацијата национален/европски идентитет. Според Баке (Bakke), тривијална, но сосема реална е проценката дека проектот европски идентитет изискува нешто повеќе од фактот дека различните европски народи споделуваат територија[77]. Неопходно е детерминирање на концептот европски идентитет не како спротивност на националниот, туку како негово логично проширување, односно европскиот идентитет да одигра улога на дополнителен идентитетски слој, наместо да настојува да ги замени националните и/или локалните идентитети што е сосема возможно бидејќи во современи услови идентитетите имаат различна сила, различна долготрајност и се комплексни по својата природа[78].

73 Smith 1992, op. cit., p. 76.

74 "A European Identity? Europeanization and Nation-state identities", Thomas Risse, in "Transforming Europe: Europeanization and domestic change", edited by Maria Green Cowels, James Caporaso and Thomas Risse, Cornell University Press, pp. 198–217, p. 200.

75 Ibid., p. 200.

76 "National and/or European identity? Issues of self-definition and their effects on the future of integration", Political capital policy research and consulting institute, Budapest, April 2013, p. 3.

77 Bakke, op. cit., p. 4.

78 Ibid., p. 4.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Baban Feyzi, "European Identity in the Making?: Turkey in a Postnational Europe", Paper presented at the CPSA Annual Conference, Toronto, 2006. http:// www. cpsa-acsp.ca/papers-2006/baban.pdf.

Bacik Gokhan, "A Discussion on Ethnic Identity", Alternatives-Turkish Journal of International Relations, Vol. 1, No. 1, Spring 2002, pp. 18–37.

Bakke Elisabeth, "Towards a European Identity", ARENA Working paper, 10/1995.

Bifulco Marco, "In Search of an European Identity", Center for European Integration Studies, Rheiniscche Friedrich Wilhelms –Universitat Bonn, ZEI Discussion Paper 23, 1998.

Carey Sean, "Undivided Loyalties-Is National Identity an Obstacle to European Integration", European Union Politics, December 2002, vol. 3, no. 4, pp. 387–413.

Castiglione Dario, "Political Identity in a Community of Strangers", in "European Identity", edited by Jeffrey T. Checkel and Peter J. Katzenstein, Cambridge University Press, Cambridge, 2009, pp. 29–52.

Checkel Jeffrey T. and Katzenstein Peter J., "The Politization of European identities", Cambridge University Press, 2009, pp. 1–29.

Cinpoes Radu, "From National Identity to European Identity", Journal of Identity and Migration Studies, Vol. 2, No. 1, 2008, pp. 3–14.

Connor Walter, "Ethnonationalism-The Quest for Understanding", Princeton University Press, Princeton, New Jersey, 1994.

Delanty Gerard, "Inventing Europe: Idea, Identity, Reality", MacMillan Press, Delgado-Moreira Juan M., "Cultural Citizenship and the Creation of European Identity", Electronic Journal of Sociology, Vol. 002, 1997. http:// www. sociology.org/content/vol002.003/delgado.html

Ferguson Niall, "Europe Between Brussels and Byzantium: Some Thoughts on European Integration", Institute for European Studies, UC Berkley, 2003.

Gellner Ernest, "Nations and Nationalism", Cornell University Press, Ithaka, New York, 1983.

Kellas James G., "The Politics of Nationalism and Ethnicity", MacMillan Press, London, 1998.

Kostakopolou Theodora, "Citizenship, Identity and Immigration in the European Union-Between Past and Future", Manchester University Press, Manchester, 2001.

Lazarou Elena, "A European Identity for Turkey? Theoretical Approaches, Historical Background and Current Challenges", Hellenic Center for

European Studies, Athens, April 2010, pp. 1-34.

Political capital policy research and consulting institute, "National and/or European identity? Issues of self-definition and their effects on the future of integration", Budapest, April 2013.

Report by Netherlands Scientific Council for Government Policy, "The European Union, Turkey and Islam", Amsterdam University Press, 2004.

Risse Thomas, "A European Identity? Europeanization and Nation-state identities", in "Transforming Europe: Europeanization and domestic change", edited by Maria Green Cowels, James Caporaso and Thomas Risse, Cornell University Press, pp. 198-217.

Rosenfeld Michel, "The European Treaty-Constitution and Constitutional Identity: A Comment on Professor von Bogdandy", in "Altneuland: The EU Constitution in a Contextual Perspective", edited by Weiler and Eisgruber, Jean Monnet Working Paper 5/04. [http:// www. jeanmonnetprogram.org/ papers/04/040501-19.html].

Schwarzmantel John, "Nationalism and Fragmentation since 1989", in "Blackwell Companion to Political Sociology", edited by Kate Nash and Alan Scott, Blackwell Publishing, Oxford, 2004.

Smith Anthony D., "National Identity and the idea of European unity", International Affairs, 68, 1, 1992, pp. 55–76.

White Tyler R., "European Integration, Identity and National Self Interest: The Enduring Nature of National Identity", Political Science Department -- Theses, Dissertations, and Student Scholarship, Paper 6, 2010, http:// digitalcommons.unl.edu/poliscitheses/6

Wodak Ruth, Rudolf De Cillia, Martin Reisigl, Karin Liebhart, "The Discursive Construction of National Identity", Edinburgh University Press, 2009.

Андерсон Бенедикт, „Замислени заедници – Размислувања за потеклото и ширењето на национализмот", Култура, Скопје,1998.

Вотерс Малком, „Глобализација", Институт за демократија, солидарност и цивилно општество, Скопје, 2003.

Фрчкоски Љубомир Д., „Моделот на меѓуетничките односи во Македонија", Круг, Скопје, 1998.

Фрчкоски Љубомир Д., „Преговарање во конфликти на идентитети", Темплум, Скопје, 2007.

Хобсбаум Ерик, „Нациите и национализмот по 1780 – програма, мит, стварност", Култура, Скопје, 1993.

**Resume**

*The discourse on national/European identity relation is concerned with two issues: the idea of Europe or more precisely united Europe and the idea of national consciousness that further on results with national determination. The basis of the debate is focused on the dilemma whether the European identity is possible and legitimate vs. national identities and if this relation with produce conflict or mutual recognition. Primacy of the national identity seems unsurpassable in comparison to the European identity so in order to avoid conflict, mutual recognition would be preeminent solution.*